**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП**

# К О Н К У Р С

## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ – ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ВО АКАДЕМСКАТА 2019/2020 година

**Штип, 2019 година**

Во согласност со член 149 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018), Одлуката бр.0202-237/9 од 28.02.2019 година донесена на 176 та седница на Ректорската управа на Универзитетот одржана на 25.02.2019 година, Одлуката за давање согласност на конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи бр. 45-4825/1 од 4.7.2019 година (Сл. Весник на РСМ бр.139/2019) Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип објавува

**К О Н К У Р С**
**за запишување студенти на трет циклус студии-докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев " во Штип во академската 2019/2020 година**

**СЕ ОБЈАВУВА КОНКУРС** за запишување на студенти на трет циклус студии во академската 2019/2020 година на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиските програми:

1. **Назив на студиската програма, предвиден број на слободни места за запишување, висина на школарината и времетраење на студиите**

| Назив на студиската програма | Број на слободни места | Висина на школарина во ЕУР | Времетраење на студиите и ЕКТС |
|---|---|---|---|
| **Кампус 2<br>Техничко – технолошки науки, Биотехнички науки и Природно – математички** | | | |
| **Факултет за природни и технички науки за природни и технички науки** | | | |
| Геологија и геофизика | 6 | 5150 | Три години ( шест семестри) 180 ЕКТС |
| Наоѓалишта на минерални суровини | 7 | 5150 | Три години ( шест семестри) 180 ЕКТС |
| **Земјоделски факултет** | | | |
| Преработка и контрола на анимални производи | 3 | 5150 | Три години ( шест семестри) 180 ЕКТС |
| Фитомедицина | 5 | 5150 | Три години ( шест семестри) 180 ЕКТС |
| Генетика и селекција на растително производство | 1 | 5150 | Три години ( шест семестри) 180 ЕКТС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Лозарство | 6 | 5150 | Три години ( шест семестри) 180 ЕКТС |
| Енологија | 6 | 5150 | Три години ( шест семестри) 180 ЕКТС |

| Назив на студиската програма | Број на слободни места | Висина на школарина во евра | Времетраење на студиите и ЕКТС |
|---|---|---|---|
| **Кампус 4<br>Општествени и Хуманистички науки** | | | |
| **Факултет за туризам и бизнис логистика** | | | |
| Туризам и угостителство | 3 | 5150 | Три години ( шест семестри) 180 ЕКТС |

Листата на потенцијални ментори со број на слободни места по студиски програми и студиските програми се објавени на веб страната на Универзитет во Менито: Наука, секција: Школа за докторски студии, Студиски програми и ментори и Трет циклус студии.

## 2. Услови за запишување

Запишувањето на трет циклус студии се врши со објавување на конкурс којшто го објавува Универзитетот. Правото на пријавување на конкурсот го имаат кандидатите кои завршиле соодветни студии од вториот циклус на академски студии со стекната најмалку 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски) збирно или интегрирани студии. Со студиската програма на докторски студии може да се предвиди и дека потребниот број на ЕКТС кредити за запишување на таа студиска програма изнесува 360 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно. Универзитетот може да постави и други услови за упис на докторски студии. Дополнителни услови кои кандидатите треба да ги исполнуваат согласно спецификите на студиската програма се наведени во студиската програма (објавена на веб страницата). Со одлука на наставно – научниот совет на кампусот се утврдува соодветноста на вториот циклус за запишување на докторски студии. Кандидатите за запишување мора да имаат активно познавање на еден од светските јазици.

## 3. Постапки и рокови за пријавување и за изведување на запишувањето на студиите

Постапката за рангирање ја спроведува Универзитетска конкурсна комисија за запишување на трет циклус на студии. Резултатите од постапката за рангирање се објавуваат на огласната табла на единицата и на веб-страницата на Универзитетот и единицата. Кандидатот кој смета дека постапката за

рангирање не е правилно спроведена има право на приговор до конкурсната комисија во рок од 24 часа од денот на објавувањето на ранг-листата. Одлуката по приговорот мора де се донесе во рок од 24 часа од поднесувањето и му се соопштува на подносителот со истакнување на огласна табла, на веб-страницата на Универзитетот и единицата. Комисијата е должна да достави конечен извештај од резултатите за запишувањето на студентите до наставно – научниот совет на докторски студии на кампус на Универзитетот. Одлуките за запишување на кандидатите на трет циклус – докторски студии ги носи наставно – научниот совет на докторски студии на кампус на Универзитетот. Кандидатите кои го оствариле правото на запишување, а во предвидениот рок нема да го изврши запишувањето, го губи правото и наместо него правото на запишување го стекнува наредниот кандидат од ранг – листата. Ќе биде запишан кандидатот кој при запишувањето ќе достави изјава од ментор.

**При пријавувањето кандидатите треба да достават:**

1.Пријава (можат да ги набават во универзитетските книжарници);

2.Диплома (оригинал или фотокопија заверена кај нотар) за завршен прв и втор циклус на студии (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат Решение од МОН за признавање на странската диплома);

3.Уверение за положени испити со оценки и кредити (оригинал или фотокопија заверена кај нотар)(кандидатите кои завршиле во странство доставуваат еквиваленција на оценките);

4.Уверение за државјанство (оригинал или фотокопија заверена кај нотар), странските студенти доставуваат преведена и заверена на нотар фотокопија од патна исправа;

5.Доказ за познавање на странски јазик: документ од Институт за јазици при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип или меѓународно признат сертификат (оригинал или фотокопија заверена кај нотар);

6. Куса биографија (CV)

Пријавата со наведената документација се доставува до Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, ул „Крсте Мисирков“ 10 А, Одделение за магистерски и докторски студии.

**При запишувањето, примените кандидати поднесуваат:**

Индекс, пријавни листови, доказ за извршена уплата на школарина, административни такси и други надоместоци, две фотографии (3,5х4,5).

Рокови за пријавување и запишување:

| | |
|---|---|
| пријавување | Од 29.08.2019г. до 12.09.2019г. |
| запишување | Од 25.09.2019г. до 30.09.2019г. |

## 4. Место на изведување на студиската програми

Изведување на студиските програми наставата и полагање на испитите, ќе се одвива на единиците на Универзитетот, во Штип.

## 5. Висина на школарината и надоместоците

Школарината за студирање на трет циклус-докторски студии е целосно на товар на студентот и изнесува за шест семестри вкупно 3.000 ЕУР (пресметано во

денари по среден курс на НБРМ на денот на уплатата). Странските студенти плаќаат двојно повеќе.
Школарината за студирање на трет циклус-докторски студии се уплаќа при запишувањето на секој семестар односно на шест еднакви рати по 500 (по 1000 за странските студенти) ЕУР ( денарска противвредност).
За спроведување на постапката за пријава, оценка и одбрана на докторскиот труд, студентот плаќа надомест во износ од 2.150 ЕУР (пресметано во денари по среден курс на НБРМ на денот на уплатата). Овој износ студентите го уплатуваат најкасно 10 дена пред одбраната на докторскиот труд. Странските студенти плаќаат двојно повеќе.
Трошоците кои ќе произлезат од користењето на одредени лаборатории на Универзитетот при изработката на докторскиот труд се специфицираат посебно во согласност со соодветната катедра и истите кандидатот ги надоместува во тек на студиите до одбраната на докторскиот труд.
Надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот се врз основа на Одлуката за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Универзитетот за прв, втор и трет циклус на студии.

**ЗАБЕЛЕШКА**

Детални информации за условите за запишување на секоја од објавените студиски програми, потребната документација, организацијата и временскиот распоред на студиите, заинтересираните кандидати може да ги добијат во Школата за докторски студии, Одделението за магистерски и докторски студии, соодветните единици носители на студиските програми и на веб страницата на Универзитетот и на единиците.

**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип**
**Ул „Крсте Мисирков“ бр.10 А Штип**

| Конкурсот е објавен на интернет-страницата: http://www.ugd.edu.mk |
| --- |